**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-75 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и 208/24), на ден 14.04.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Славејко Арсов бр.138-1 Скопје, Република Северна Македонија и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија со регистрирано седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34-3/лок 3 Скопје ќе стекнат заедничка контрола над Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје.

-**Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје** е регистрирано за дејност на трговија на мало со моторни горива и мазива во специјализирани продавници. Друштвото преку поврзано лице врз кое има 100% сопственост врши трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива во Република Северна Македонија и тоа:

-**Друштво за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец** со седиште на ул.4 бр.100 , Ржаничино Петровец, Република Северна Македонија кое е регистрирано за дејност Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи, односно врши трговија на големо со нафта и нафтени деривати на пазарот во Република Северна Македонија согласно лиценца од Регулаторна Комисија за енергетика.

Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје дејствува на пазарот на трговија со нафта и нафтени деривати, односно врши малопродажба на моторни горива и мазива на своите бензиските пумпи, а преку поврзаното лице Друштво за трговија и услуги ОМПЕТРОЛ ОИЛ ДООЕЛ Петровец трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива во Република Северна Македонија.

-**Друштво за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје** се занимава со градежништво со регистрирана дејност –Изградба на станбени и нстабнени згради , а се јавува како сопственик во следните правни лица:

-100% сопственик на удел во **Друштвото за градежништво, трговија и услуги ОМЕГА БИЛДИНГ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34/3- лок3 , Скопје и регистрирана дејност 68.200- изнајмување и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот под закуп (лизинг);

-100% сопственик на удел во **Друштво за трговија и услуги ДЕЛТА МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Гане Тодоровски бр.34/3- лок3, Скопје и регистрирана дејност 46.90- неспецијализирана трговија на големо.

**-Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје** со седиште на ул.Орце Николов бр. 71/1 Скопје. Друштвото е регистрирано со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради на пазарот во Република Северна Македонија.

Друштвото за градежништво, трговија и услуги БЕСТ ВЕЈ ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје и Друштвото за градежништво, трговија и услуги ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје поседуваат по 50% од уделите во Друштвото за градежништво, трговија и услуги СОФИЈА ГРАДБА ДОО Скопје , а со тоа имаат и **заедничка контрола** врз ова друштво.

-Учесниците во концентрацијата дејствуваат на релеватниот географски пазар во Република С.Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.04.2025 година

Скопје